


# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**28 авг - 4 септ 2024 Билтен бр. 571**

# ,, ЛЕБ И СОЛ" ГО ЗАТВОРИЈА ЈУБИЛЕЈНОТО КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО

**Со спектакуларен настап на легендарната група ,, Леб и сол", официјално заврши овогодинешното јубилејно Карпошово културно лето. Сегашниот состав на рок групата, Михаил Парушев, Бодан Арсовски, Димитар Мичо Божиков и Кокан Димушевски, приредија незаборавна вечер со својот концерт на кој многубројната публика вистински се препуштија на добро познатите звуци од инструментите, кои овие луѓе со леснотија и љубов ги отсвирија. Пред рок групата, свој необичен настап имаа тројцата познати оперски пеачи ,, Трио Џентлмен", кои беа вистинско освежување за карпошани. Седумдневните настани, и оваа година го загреаа и така топлото лето во Карпош. Јубилејното 15то Карпошово културно лето, со низа музички и културни настапи, карпошани имаа можност да се забавуваат и дружат на еден поинаков начин.**



# ОПШТИНА КАРПОШ ЌЕ ДОБИЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

**На денешната педесет и прва седница на Советот на Општина Карпош, едногласно беше усвоена предлог-одлуката за формирање/конституирање на Локалниот совет за женско претприемаштво на Општина Карпош. Претходно, претставници на Националната платформа за женско претприемништво во соработка со Општина Карпош, одржаа иницијативен состанок во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент, каде што се расправаше за предлог-иницијативата за формирање на Локален совет за женско претприемништво (ЛСЖП).**

**Всушност, функцијата на ова тело е да работи во насока на подобрување, унапредување на економско/финансиската независност кај жените кои живеат или работат на територијата на општината. Притоа, од тој аспект, од особено и исклучително значење е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за женско претпримништво , со цел да се искреираат политики преку кои ќе се застапуваат интересите на жените во локалните и национални власти.**

**На овој состанок присуствуваше и првиот човек на Општина Карпош, градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој изрази големо задоволство за оваа иницијатива, охрабрувајќи ги жените –претприемачки да ја развиваат својата активност во насока на подобрување на нивната независна социо-економска состојба. Тој меѓу другото , истакна дека Општина Карпош, ќе помогне за поголема функционалност на Локалниот совет преку организирање на обуки за жените претприемачки.**



# РАНЕЦ И УЧИЛИШЕН ПРИБОР ЗА СЕКОЕ ПРВАЧЕ

**Членовите на Советот на Општина Карпош, на денешната 51-ва седница, едногласно ја изгласаа предлог одлуката за прифаќање на донација за бесплатни ранчиња со училишен прибор за сите новозапишани ученици во прво одделение во учебната 2024/2025 та година во сите десет основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош. Оваа година, за прв пат во училишните клупи ќе седнат околу 720 првачиња.**
**Притоа беше усвоен и предлог-заклучокот за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно), за квартал од 01.01. 2024 до 30.06, 2024-та година. На оваа седница, Комисијата за прашања на верификација , мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош, го констатираше престанокот на функцијата Советник во советот на Општина Карпош, на членот на советот, Роберт Велјановски, а новоизбраниот советник од редовите на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Обнова на Македонија“,е Предраг Станковски, кој даде свечена изјава /заклетва, со која се обврза дека „ чесно, транспарентно и достојно ќе работи во интерес на граѓаните на Општина Карпош“.**

**На оваа седница беа усвоени Годишните извештаи за работата на четирите јавни установи-општински детски градинки „Мајски Цвет“, „ Распеана Младост“, „Пролет“ и градинката „Орце Николов“, за 2023/2024 година, како и се усвоија Годишните програми за работата на овие градинки за 2024/2025 – та година. Исто така, денеска советниците ги усвоија и Годишните програми за работата на десетте основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош, односно за „ Аврам Писевски“, „Братство“, „Владо Тасевски“, „ Петар Поп Арсов“ и „Димо Хаџи Димов“, како и за училиштата „ Јан Амос Коменски“, „ Христијан Тодоровски-Карпош“, „ Војдан Чернодрински“, „Вера Циривири Трена“ и за „Лазо Трповски“.**



# ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ ЌЕ ГО ЗАПОЧНАТ 715 ПРВАЧИЊА

**Денеска и официјално започна новата учебна година за сите ученици од Општина Карпош. Со запишани 715 првачиња за оваа година, Општината е лидер во државата по бројност на деца кои ќе го започнат првото поглавје од својот живот. По тој повод, денеска во дворот на ООУ ,,Јан Амос Коменски", присуствуваше Градоначалникот Стевчо Јакимовски и Претседателката на Република Македонија, Гордана Сиљановска – Давкова, како и советници и вработени од локалната самоуправа. Во својот поздравен говор, Градоначалникот Јакимовски им посака добредојде на првачињата и среќен почеток за сите ученици.**
**-За разлика од други Општини, на кои им се намалува бројот на дечиња, во Карпош се зголемува бројот на запишани првачиња. Имаме место за сите ученици, затоа Општината води политика да не примаме ученици од други Општини, затоа што се зголемува бројот на жители и на новородени деца токму во нашата Општина. Инаку, во Општина Карпош само три училишта учат во две смени, останатите се во една смена – посочи Јакимовски. Тој исто така додаде дека Општината ќе им обезбеди сигурна иднина во новите реконструирани училишта, во кои има одлични услови за работа и престој на учениците.**

**-Засега четири училишта се реконструирани, инаку, би сакал да напоменам дека сите училишта се реконструирани во 2011 /2012 година, а уште две се планира да се завршат до крајот на оваа година. За наредната година во план се да се обноват уште четири други. Во сите училишта ќе набавиме по 30 компјутери. Исто така ќе набавиме и смарт табли, кои ќе имаат можност да ги користат учениците од трето до деветo одделение. Сите училишта ќе имаат фотоволтаични напојувања со електрична енергија, со цел да ја намалиме потрошувачката на електрична енергија – истакна првиот човек на локалната самоуправа. По него, свое поздравно обраќање имаше и Претседателката Гордана Сиљановска – Давкова која ги поздрави првачињата и им посака успешен почеток во потрагата по нови знаења.**

**-Бидете сигурни дека нема ништо поважно од знаењето, да научите да пишувате, да читате, да цртате и пеете, верувајте, тоа е нешто кое никој не може да ви го одземе – рече Сиљановска – Давкова која се потсети на деновите кога таа била дел од ова училиште и завршила како првенка, посочувајќи дека ООУ ,,Јан Амос Коменски" било едно од најдобрите училишта не само во Републиката, туку и во Југославија.**

**Свечен пречек на првачињата имаше и во останатите девет училишта од Општина Карпош, а секое детенце доби бесплатно ранче во кое ќе започне нова етапа од животот**




МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „СОКОЛ"



**Меморијалниот турнир во мал фудбал, кој е традиционален и кој се одржува оваа година по 20-ти пат, официјално започна на први септември и ќе трае до 28 септември, во рамки на спортското игралиште на ООУ ,,Христијан Тодоровски Карпош". На јубилејниот турнир ,,Оливер Соколов-Сокол", пријавени се 40 екипи, кои ќе се натпреваруваат во осум групи од по пет екипи групна фаза.**

**Вкупниот награден фонд изнесува 1.2 милиони денари, а првата награда е 500.000 денари. Општина Карпош финансиски го поддржува турнирот, а оваа година од општинскиот буџет издвоени за оваа намена се 300.000 денари.**

## НОВА ИТ ОПРЕМА ВО УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Во рамки на Програмата за активностите од областа на образованието при Општина Карпош, денеска, во ООУ ,,Димо Хаџи Димов", градоначалникот Стевчо Јакимовски, на секое училиште додели целосно нова ИТ опрема. Осовременувањето на наставата со нагледни и дидактички материјали е вистинска потреба во денешно време. Новите училишни програми, налагаат секое училиште да има услови за работа, современи техники при изучување на предметите како и користење на нови приоди во учењето на наставните единици.**

**Имено, локалната самоуправа, за оваа намена издвои 1.5 милиони денари, а набавени се 17 смарт табли (интерактивна табла, проектор, држач и кабел), шест преносливи компјутери, пет ЛЦД проектори, еден ласерски печатач во боја, едно платно за проекција ѕидно со монтажа, две ламинатор А3/А4 формат, десет сета од тастатура со глувче, четири надворешни уреди за складирање и две А3 портабл 3Д скенер.**

**Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски во својот говор истакна дека освен реконструкцијата на училиштата, потребно е и нова ИТ опрема, за целосно дигитализирање на училиштата на територија на Карпош.**

**-Ќе се потрудиме во секое училиште да набавиме околу 30 нови компјутери, а училниците во кои се изучува предметот компјутерски науки да добијат најсовремени компјутери. Останува да набавиме уште 128 смарт табли, или смарт телевизори, но сите ученици од трето па до деветто одделение, ќе имаат можност да креираат на смарт табли или телевизори. Ова го правиме се со цел, децата уште од најмала возраст да се запознаат со електронските уреди затоа што ова е електронска доба, па така, добро е ние да сме во чекор со овој тренд. Покрај ова, веќе во седум училишта имаме фотоволтаични системи, бидејќи овие смарт табли и телевизори ќе ја зголемат потрошувачката на електрична енергија, а овој систем ќе помогне да имаме пониски сметки за струја преку целата година. – посочи Јакимовски.**

